Бр. 0201-5/8-1
20. 05. 20 26 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
# НА
# РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**Информации за контролорот - РСБСП**

- Назив:РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА
- Скратен назив: РСБСП
- Седиште:ул.„Ѓорѓи Димитров“ бр.13, 1000 Скопје
- Контакт информации: www.rsbsp.org.mk, тел. +389 2 2700 047
- Овластено лице: Претседател Горан Ангеловски
- Офицер за заштита на лични податоци: Спиро Наумовски, тел.078/240-384, e-mail: s.naumovski@t.mk

## 1.Основни одредби

**Политиката за воспоставување на ситем за заштита на личните податоци** (во понатамошниот текст: **Политика**) е почетната точка и рамковен документ во изградбата на системот за технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци во Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (во понатамошниот текст:**РСБСП односно Контролор**), при исполнувањето и извршувањето на неговите цели, задачи и активности согласно одредбите на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, а притоа придржувајќи се кон одредбите на Законот за заштита на личните податоци.

Политиката е документ кој ги поставува принципите и насоките за остварување на доверливост, интегритет и достапноста на личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Законот) како и соодветните подзаконски акти, т.е. Правилници и останата позитивна законска регулатива.

За остварување на своите цели, РСБСП имплементира процедури, упатства и стандарди во согласност со проценката на нивото на ризици при обработка на личните податоци.

РСБСП како Контролор, преку континуиран систем за следење на ризиците во работењето предлага мерки за ажурирање на оваа Политика и соодветните процедури и упатства со цел на зголемување на нивото на сигурност односно намалување на заканите по безбедноста на личните податоци и интегритетот, доверливоста и достапноста на личните податоци.

Секоја информација како личен податок која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци) е потребно соодветно да биде заштитена, независно од формата или средствата преку која се пренесува или чува. Од таму подрачје на примена на оваа Политика е во сите процеси и организациони делови на РСБСП.

**2.Примена**

Одредбите од оваа Политика се применуваат за:

- целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци;
- друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци и при обработка на личните податоци од страна на обработувачот на збирка на лични податоци.

**3.Дефиниции**

- **Личен податок** е секој податок што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува директно или индиректно, особено врз основа на идентификатор како име, идентификационен број, податоци за локација, онлајн идентификатор или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за физичкиот, физиолошкиот, генетскиот, менталниот, економскиот, културниот или социјалниот идентитет на тоа физичко лице.
- **Обработка на личните податоци** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;
- **Ограничување на обработката на личните податоци** е означување на личните податоци кои се чуваат, а со цел ограничување на нивната обработка во иднина;
- **Информациски** систем е целина од компоненти преку кои се обработуваат личните податоци при активностите за нивна обработка. Ова ги опфаќа

вклучените системи (на пример, работни станици, сервери, мрежни или безбедносни уреди), услуги (на пример, процедура, единствена функција или збир од функции што служат за одредена цел) и податоци (на пример, специфични полиња од лични податоци што се користат за обработка);

- **Безбедноста на Информацискиот Систем** се дефинира како обезбедување на следниве основни принципи:
  - **Доверливост** е цел на заштита преку која треба да се обезбеди дека ниту едно неовластено лице не може да пристапи до личните податоци или да користи лични податоци;
  - **Интегритет** е цел на заштита преку која се гарантира дека личните податоци што се обработуваат се целосни, точни и ажурирани;
  - **Минимизирање на личните податоци** се врши преку ограничување на обработката на личните податоци на она што е соодветно, релевантно и неопходно за конкретната цел;
  - **Процес на управување со ризик** е систематска примена на политики, процедури и практики за управување со активностите кои се однесуваат на: комуницирање, консултирање, утврдување на контекстот, идентификување, анализирање, евалуирање, третирање, следење и проверување на ризикот;
- **Контролор** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**4.Организациска поставеност и одговорности**

РСБСП има воспоставено соодветна организациска структура за поддршка на Законот за заштита на личните податоци како и соодветни Правилници, при што одлучувачка улога за нивна примена согласно Законот има Офицерот за заштита на лични податоци.

РСБСП како **Контролор на збирки на лични податоци** ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци и е одговорен за усогласување на своето работење со Законот за личните податоци како и релевантната екстерна и интерната регулатива која произлегува од истиот.

Офицерот за заштита на лични податоци е клучната фигура преку која РСБСП како Контролор ја обезбедува и ја демонстрира усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци. Во таа насока Офицерот за заштита на лични податоци има стратешка и независна позиција за да се постигне поефикасно извршување на оваа функција и повисок степен на заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на лични податоци како овластено лице од Контролорот ги врши следните работи:

-ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од овој закон;

-ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;

-каде што е потребно, дава совети во однос на проценката на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на проценката во согласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци;

-соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;

-дејствува како контакт точка за Агенцијата за заштита на личните податоци во однос на прашањата поврзани со обработката на личните податоци, се консултира и советува со Агенцијата за сите прашања од оваа област.

При извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

**Менаџментот на РСБСП како Контролор** – претставен преку Претседателот и членовите на РСБСП обезбедува адекватна организациска поставеност и алокација на соодветни ресурси за ефикасно управување со процесот на заштита и усогласеност со Законот за заштита на личните податоци.

**Надворешните стручни соработници на РСБСП** имаат одговорност во процесот на заштита на личните податоци, како што следува:

-одговорни се за збирките на личните податоци кои се водат во нивниот делокруг на работа.

- одговорни се за имплементација и одржување на контролите кои се однесуваат на нивниот делокруг на работење, а се поврзани со процесот за заштита на лични податоци;

-соработуваат со офицерот за заштита на лични податоци во одредувањето на ризиците и дефинирањето на мерките и контролите за заштита на лични податоци;

-ги усогласуваат процесите и интерната документација согласно препораките од офицерот на лични податоци односно одредбите од Законот за заштита на лични податоци;

-го известуваат офицерот за заштита на личните податоци за барање и реализација на јавна набавка во која се тангираат личните податоци;

-при подготовка на подзаконска регулатива од областа на електронските комуникации каде што би имало обработка на лични податоци задолжително се консултираат и бараат конфирмација од офицерот за заштита на личните податоци.

**5.Систем на контроли за заштита на личните податоци**

Безбедноста на личните податоци е прашање кое е многу пошироко од едноставна примена на соодветни технички и организациски мерки. Безбедноста е предуслов за постигнување усогласеност со сите други принципи на обработка на личните податоци.

Контролорот има воспоставено систем на организациски и технички мерки во согласност со Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци и со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните и останатата легислатива од областа за заштита на личните податоци и најдобрите практики и воспоставени стандарди. Овие мерки обезебедуваат соодветно високо ниво на заштита на податоците и инфраструктурата за обработка на информациите и податоците, вклучително и личните податоци.

Заштитата на личните податоци во Контролорот се базира на следниве основни принципи:

- Проценка на нивото на ризик, за што постои Правилник за проценка на влијанието на заштита на личните податоци во РСБСП,
- РСБСП како Контролор при утврдувањето и процената на ризикот (управување со ризик) ги зема во предвид ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување или неовластено откривање на личните податоци
- Соодветна структура на документација составена од Политики, процедури, упатства и други интерни акти – со кои се дефинирани процесите и одговорностите во процесот на спроведување и контрола на техничките и организациски мерки за заштита на личните податоци.
- Имплементација на систем на контроли кои се поделени на:

- Физички контроли, кои служат за обезбедување на адекватна физичка сигурност на личните податоци и информативните средства (сервери, мрежни уреди). Како примери на физички контроли се употребата на уреди за непрекинато напојување (на пр:UPS), служба за обезбедување, видеонадзор во објектите на Контролорот, сензори и аларми и слични мерки за контрола на физичкиот пристап и заштита на ресурсите и средствата кои се користат за обработка, пренос и чување на личните податоци.
- Технички контроли, се контроли кои се вградени во информатичките средства односно апликативниот софтвер, мрежно - комуникациската опрема и придружните уреди кои се користат за прибирање, обработка, пренос и/или чување на личните податоци.
- Административни контроли, вклучуваат воспоставување процедури и упатства, за овластување на корисниците (вработени, трети лица) кои имаат пристап до личните податоци и потребната авторизација за извршување на своите деловни процеси.

- Примена на принципот на заштита на личните податоци по принципот by default и by design - според овој принцип Контролорот РСБСП имплементира соодветни технички и организациски мерки со кои ќе се осигура дека по правило (default) ги обработува само оние лични податоци кои што се неопходни за постигнување на целта на конкретната обработка. Тоа значи дека со имплементираните мерки Контролорот го обработува само минималното количество на лични податоци, во опсег кој е неопходен за исполнување на целта на конкретната обработка.

## 6.Општи начела за обработка на личните податоци

Заштитата на личните податоци спаѓа во основните права и слободи на граѓаните загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и Европските,односно меѓународните Конвенции. Ова особено го подразбира правото на приватност во врска со обработката на лични податоци.

Согласно Законот за заштита на личните податоци и Европската регулатива за заштита на личните податоци (EU General Data Protection Regulation-GDPR) воспоставени се осум принципи на заштита на податоците како темелни вредности:

- личните податоци се прибираат и обработуваат со законски основ, на трансапрентен начин (претходно информирање) и со почитување на правилата за обработка на посебните категории лични податоци (лични податоци што го

откриваат расното или етничко потекло, политичката определба, религиозни или филозофски определби, членување во синдикати и обработка на податоци за здравствената состојба или сексуалниот живот).

- личните податоци обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци („законитост, правичност и транспарентност"),
- личните податоци се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели пропишани со Законот за електронски комуникации
- личните податоци се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат („минимален обем на податоци"),
- личните податоци се точни и ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле обработени („точност"),
- личните податиоци се чувани во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци. Личните податоци може да се чуваат подолго од нивниот рок на чување ако се обработуваат за статиститички цели, подготовка на извештаи, остварување на законските обврски на Контролорот, а со применување на соодветни технички и организациски мерки согласно со овој закон, заради заштита на правата и слободите на субјектот на личните податоци („ограничување на рокот на чување"),
- личните податоци се обработени на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички или организациски мерки („интегритет и доверливост"),
- личните податоци нема да се пренесуваат во земја или територија надвор од Европската Унија или Европската Економска Заедница доколку таа земја или територија не обезбеди соодветно ниво на заштита на правата и слободите на субјектите во врска со обработката на личните податоци.

За остварување на овие основни цели Контролорот, развива и одржува систем на интерни контроли, во согласност за Законот за заштита на лични податоци, како и релевантните најдобри практики и стандарди, како што е опишано во Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци во РСБСП.

Обработката на личните податоци во РСБСП е законита, бидејќи се врши врз основа на Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти донесени од Агенцијата за заштита на лични податоци, во кои се имплементирани и одредбите од соодветна ресорна легислатива релевантна за работењето на Контролорот од национален и меѓународен карактер, правична и се одвива на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци.

## 7.Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци (ПВЗЛП)

Кога при користење на нови технологии за некој вид на обработка, според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, постои веројатност истата да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица пред да биде извршена обработката, како Контролор извршува проценка на влијанието на предвидените операции на обработката во однос на заштитата на личните податоци. Една проценка може да се однесува на серија слични операции на обработка, кои претставуваат слични високи ризици. Проценката на влијанието на заштитата на личните. податоци како алатка дефинирана во Правилникот за проценка на влијанието за заштитата на личните податоци.

Проценката на влијанието на заштитата на личните податоци задолжително се изведува пред започнување на обработка на лични податоци со користење на нови технологии, и обработка која може да има висок ризик за правата и слободите на физичките лица.

## 8.Пренос на лични податоци во трети земји

Во смисла на член 48 став (3) од Законот за заштита на личните податоци, при пренос на лични податоци во земјите членки на Европската Унија и Европскиот економски простор, контролорот или обработувачот задолжително доставува пријава за пренос на лични податоци.

Пријавата за пренос на лични податоци , контролорот или обработувачот ја доставува до Агенцијата за заштита на личните податоци (електронски преку системот на е-пријави на Агенцијата или преку електронска пошта во скенирана копија, во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот на лични податоци).

Пријавата за пренос на лични податоци, треба да биде потпишана своерачно или со електронски потпис во согласност со прописите што ја уредуваат употребата на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, од

страна на лицето кое го претставува и застапува контролорот или обработувачот кој врши пренос на лични податоци.

РСБСП како Контролор на личните податоци, има воспоставено правила и принципи за пренос на личните податоци, во согласност со релевантната законска регулатива.

## 9.Нивоа на мерки за безбедност на обработката на личните податоци

Земајќи ги предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различна веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица, контролорот е должен да примени соодветно ниво на технички и организациски мерки кое ќе биде пропорционално и на активностите за обработка на личните податоци.

Техничките и организациските мерки кои ги применува ИАРСМ може да се класифицираат во две нивоа:

-стандардно (базично/основно) и

-високо ниво (зајакнато/подобрено).

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно ниво.

За документите кои содржат лични податоци задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно ниво.

За документите кои содржат, матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки од високо ниво.

За документите кои се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, а содржат посебни категории на лични податоци/или матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно и високо ниво.

За документите кои содржат, посебни категории на лични податоци, задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно и високо ниво.

## 10.Стандардно ниво

Во РСБСП се применуваат следните нивоа на технички и организациски мерки од стандардно ниво:

- Физичка безбедност на серверите и другата опрема која се користи за обработка на личните податоци.
- Соодветни методи за автентикација и регистрација на корисниците.
- Соодветни политики и правила за управување со лозинките.
- Обезбедување на серверите и другата опрема која се користи за обработка на личните податоци.
- Автоматизирано одјавување на информацискиот систем после изминување на определен период од 15 минути на неактивност и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;
- Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера („анг. Firewall") и рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
- Ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
- Ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано се ажурира заради превентивна заштита од спамови;
- Приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување
- Обезбедување на соодветна издвоена локација за чување на сигурносни копии (backup) од личните податоци во заштитена форма
- Обезбедување на локација за опоравување од катастрофа (disaster recovery location) каде се прави репликација на податоците од серверите на примарната локација – РСБСП во Скопје, а во кој се вклучени file server, e-mail server, web server , итн.
- Процес за ефикасна детекција и справување со сигурносни инциденти
- Управување со преносливи медиуми

**11.Високо ниво**

Согласно потребите и во случаите предвидени со Законот за заштита на личните податоци, во РСБСП ќе се применуваат технички и организациски мерки од високо ниво.

**12.Законитост на обработката**

Во рамките на управувањето со системот за заштита на личните податоци во РСБСП како Контролор, а согласно неговите надлежности и функции утврдени со Закон како и другите позитивни прописи, се востановуваат следните збирки на лични податоци:

- за лицата членови на РСБСП се обработуваат следниве лични податоци: име и презиме, домашна адреса, е-пошта, телефонски број, единствен матичен број, приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата членови на ОСБСП (општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата) се обработуваат следниве лични податоци: име и презиме, домашна адреса, е-пошта, телефонски број, приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата договорно ангажирани од РСБСП за извршување на определени задачи и активности во име или во корист на Советот се обработуваат следниве лични податоци: име и презиме, домашна адреса, е-пошта, телефонски број, приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата активни учесници (презентери, предавачи, излагачи, соговорници итн.) на јавни настани организирани од страна на РСБСП (јавни дебати и дискусии, советувања, конференции, презентации, предавања итн) се обработуваат следниве лични податоци: име и презиме, е-пошта, телефонски број, информација за локацијата, приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата пасивни учесници - присутни како публика, слушатели и гледачи на јавни настани организирани од страна на РСБСП (јавни дебати и дискусии, советувања, конференции, презентации, предавања итн) се обработуваат следниве лични податоци: по потреба - име и презиме, е-пошта и телефонски број, информација за локацијата и приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата учесници во натпревари, смотри, презентација на знаења, вештини и способности од областа на сообраќајот кои ги организира и спроведува РСБСП,

самостојно или во соработка со државни органи, образовни и научни институции и установи се обработуваат следниве лични податоци: име и презиме, домашна адреса, е-пошта, телефонски број, единствен матичен број(по потреба), информација за локацијата и приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис;

- за лицата кои припаѓаат на целните групи кон кои се насочени кампањите кои ги спроведува РСБСП и истите биле непосредно опфатени со спроведените кампањи, по дадена согласност од лицата, се обработуваат следниве лични податоци: приказ на лицето на фотографија и аудио-визуелен запис, информација за локацијата, регистарски број на возилото ;

РСБСП прибира, обработува и чува лични податоци за наведените категори на лица во рамките на извршувањето на неговите утврдени законски обврски, цели и задачи, како и при извршувањето на неговите активности, спроведувањето на утврдените кампањи и реализирањето на планираните настани од превентивна и едукативна природа насочени кон зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот на патиштата.

## 13.Информации за правата на лицата чии податоци се обработуваат

Лицата чии податоци се обработуваат во РСБСП имаат право на информации, пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на податоците, право да не бидат предмет на автоматско донесување индивидуални одлуки, вклучување и профилирање.

Секое лице чии податоци се обработуваа во РСБСП заради остварување на своите права- погоре опишани, може лично да се обрати на офицерот за заштита на личните податоци, да поднесе барање во електронска форма на e-mail адресата на РСБСП, или на e-mail адресата на офицерот за заштита на личните податоци, или да поднесат писмено барање на адресата на седиштето на Советот.

Пред да постапи по барањето РСБСП ќе изврши безбедносна проверка, односно соодветно идентификување на подносителот.

Советот се обврзува да одговори на доставенот барање во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Доколку РСБСП не е во можност да постапи по барањето во наведениот рок од 30 дена, во овој рок се обврзува да го извести подносителот за причините за одложувањето и дополнителниот рок во кој ќе биде постапено по неговото барање.

За остварување на своите права лицата чии лични податоци се обработуваат во РСБСП за обраќање до РСБСП можат да ги користат обрасците подготвени од Агенцијата за заштита на личните податоци достапни на нејзината веб-страница.

Секое лице чии лични податоци се обработуваат во РСБСП врз основа на дадена негова согласност има право да поднесе барање/известување до Совстот за повлекување на дадената согласност.

Лицата чии лични податоци се обработуваат во РСБСП врз основа на легитимен интерес имаат право до Советот да вложат приговор на таквата обработка.

Сите лица чии лични податоци се обработуваат во РСБСП имаат право да се обратат: лично во просториите на РСБСП, електронски на неговата, или на e-maI адресата на офицерот за заштита на личните податоци, или писмено на адресата на седиштето на РСБСП за сите информации во врска со обработката на нивните лични податоци.

## 14.Право на поднесување поплака до Агенцијата за заштита на личните податоци

Надзор над постапувањето на РСБСП во процесот на обработка на личните податоци врши Агенцијата за заштита на лични податоци.

Секое лице кое смета дека му е повредено правото на заштита на личните податоци има право да поднесе поплака до надзорниот орган - Агенцијата за заштита на лични податоци и право на користење на судска заштита, согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Агенција за заштита на личните податоци**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, 1000 Скопје (зградата на Македонска радио телевизија МРТВ – кат 14), Поштенски фах: 417
веб-адреса: https://azlp.mk
е-пошта: info@privacy.mk
Телефони за контакт: ++ 389(2)3230 635, ++ 389(2)3230 617, ++ 389(2)3230 790, ++ 389(2)3230 413

## 15.Известување на Агенцијата за нарушување на безбедноста на личните податоци

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, контролорот веднаш и не подоцна од 72 часа откако дознал за истото е должен да ја извести Агенцијата за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, освен ако не постои веројатност нарушувањето на безбедноста на личните податоци да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица. Кога известувањето до Агенцијата не е поднесено во рок од 72 часа, заедно со известувањето треба да биде доставено и образложение за причините за доцнењето.

Обработувачот е должен да го извести контролорот веднаш, откако дознал за нарушување на безбедноста на личните податоци.

Известувањето мора да го содржи најмалку следното:

-опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи, категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните

податоци, како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци;

-наведување на името, презимето и контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации;

-опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

-опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти.

Информациите може постепено да се обезбедат без понатамошно непотребно одлагање, само доколку не било можно целосно или дел од информациите да се поднесат истовремено.

Контролорот ги документира сите нарушувања на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги фактите поврзани со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, нивните последици и преземените активности за справување со нарушувањето, а со цел да и овозможи на Агенцијата да ја провери усогласен

## 16.Известување на субјектот на личните податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, за кое постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, контролорот, веднаш го известува субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци.

Во известувањето до субјектот на личните податоци, на јасен и едноставен јазик се опишува природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци и се наведуваат најмалку информациите и мерките наведени во членот 37 став (3) точки (б), (в) и (г) од Законот за заштита на личните податоци.

Известувањето до субјектот на личните податоци, не е задолжително, доколку е исполнет еден од следните услови:

-контролорот применил соодветни технички и организациски мерки за заштита и тие мерки биле применети во однос на личните податоци засегнати од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, особено мерки кои што ги прават личните податоци неразбирливи за секое лице кое нема овластување за пристап до нив, како што е криптирањето;

-контролорот применил дополнителни мерки кои гарантираат дека веќе не постои веројатност за појавување на висок ризик за правата и слободите на субјектите на личните податоци од ставот (1) на овој член;

-ако известувањето бара несразмерен напор. Во таков случај, се врши јавно известување или се применува друга слична мерка со која субјектите на личните податоци ќе бидат подеднакво информирани на ефикасен начин.

Ако контролорот не го известил субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, Агенцијата по констатирање на веројатноста дека нарушувањето на безбедноста на личните податоци предизвикува висок ризик, може да побара од контролорот да извести за нарушувањето или да одлучи дека е исполнет некој од условите предвидени со закон.

**17.Завршни одредби**

Политиката за заштита на личните податоци е предмет на редовни прегледи и ажурирања согласно промени во организациската поставеност, техничката инфраструктура или нови законски и /или регулаторни барања.

Офицерот за заштита на личните податоци најмалку еднаш годишно подготвува Извештај до Претседателот на РСБСП за усогласеноста и адекватноста на оваа Политика кој е составен дел на Годишниот Извештај на Офицерот за заштита на личните податоци.

Оваа Политика стапува на сила и почнува да се применува на денот на усвојувањето.

Републичкиот совет за безбедност
на сообраќајот на патиштата
Претседател,
м-р Горан Ангеловски

Наш број 0201-518-1

Скопје 20.05.2026